Општина Свети Николе

Одделение за инспекциски надзор

ИП1 број 1204-121/2

Од 01.09.2026 година

Записник за извршен (редовен/**вонреден**/контролен) инспекциски надзор

Инспекцискиот надзор е отпочнат на ден 20.08.2026 година со почеток во 18.30 часот.

На 20.08.2026 година од страна на Одделение за инспекциски надзор преку Самостоен инспектор за животна средина преку Лилјана Арсовска службена легитимација бр.29-0005 изврши инспекциски надозор над работењето на [redacted] Свети Николе ЕМБС [redacted] и ЕДБ [redacted]

-Предмет на надзорот е увид во инсталацијата која поседува Б- интегрирана еколошка дозвола член 127 став 2 и 5 од Законот за заштита на животната средина (Сл.Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 47/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15 192/15, 39/16, 28/18, 65/18 и 99/18) како и согласно член 9 од Правилникот за изменување на правилникот за постапката за добивање на Б-интегрирана еколошка дзовола (сл.Весник на РМ. Бр. 42/16).

- Согласно член 65 од законот за инспекциски надзор (Сл.весник на РСМ бр.102/19), записникот е составен во службените простории на одделнието за инспекциски работи при општина Свети Николе на ден 01.09.2026 година, по добивањето на лабораториски извештај бр.442/26 од извршени мерења на емисии во воздух.

При инспекцискиот надзор се употребени листи за проверка: ДА **НЕ**

Да се наведе дека е извршено легитимирање на инспекторот со службена значка и легитимација.

Според член 51 од Закон за инспекциски надзор, инспекторот се легитимира пред субјектот на инспекциски надзор.

При инспекцискиот надзор е утврдена следната фактичка состојба (наод на фактичка состојба):

Во инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдена фактичка состојба:

На ден 20.08.2026 година, од страна на самостоен инспектор за животна средина при Општина Свети Николе, во присуство на претставници од Технолаб ДОО Скопје, овластена лабораторија за мерење на емисии во воздух, извршен е инспекциски увид во [redacted] Свети Николе, при што е извршено мерење на емисиите во воздух од предметната инсталација.

Ангажирањето на овластената лабораторија е извршено од страна на Одделението за инспекциски надзор при Општина Свети Николе, на товар на Општината, имајќи предвид дека во изминатиот период до Општина Свети Николе во повеќе наврати биле доставувани пријави од граѓани во врска со работењето на предметната инсталација, при што биле изнесени поплаки за појава на непријатен мирис и чад што се шири од инсталацијата.

На ден 31.08.2026 година, од страна на Технолаб ДОО Скопје, по електронски пат, до Општина Свети Николе е доставен Лабораториски извештај бр 442/26, од извршеното мерење на емисиите во воздух.

Од извршеното мерење и резултатите прикажани во лабораторискиот извештај е утврдено дека кај параметарот јаглерод моноксид (CO) е измерена вредност која е приближно петпати повисока од пропишаната/референтната вредност.

Меѓутоа, утврденото зголемување на концентрацијата на јаглерод моноксид (CO) само по себе не може да се поврзе со пријавуваниот непријатен мирис, имајќи предвид дека CO е гас без боја и без мирис и не претставува параметар кој го предизвикува карактеристичниот мирис пријавуван од граѓаните.

Следствено, резултатот од мерењето во однос на CO претставува утврдена состојба во поглед на емисиите во воздух, која треба да се разгледува од аспект на усогласеноста со дозволените гранични вредности, но не го објаснува изворот на пријавуваниот непријатен мирис.

Во однос на пријавите за непријатен мирис и чад, потребно е истите да се разгледуваат од аспект на видот на материјалите и процесите што се вршат во инсталацијата, како и можните други загадувачки супстанции кои не се опфатени со предметното мерење.Согласно на констатираното не се утврдени неправилности.

1) При извршен вонреден инспекциски надзор на ден 20.08.2026 година не е констатирана неправилност:
/

Заради остварување на неправилностите ќе се изречат следните мерки:

/

/По завршувањето на инспекцискиот надзор записникот беше презентиран пред претставникот на субјектот на инспекцискиот надзор: **ДА** НЕ

Претставникот на субјектот на инспекцискиот надзор ги даде следните забелешки во однос на наводите од записникот:

(датум, име, презиме, функција и потпис на претставникот на субјектот на инспекцискиот надзор)

15.09.2026 [redacted] управител

Претставникот на субјектот на инспекцискиот надзор одбива да го потпише записникот заради следните причини:

Инспекцискиот надзор е завршен на ден 20.08.2026 во 23.00 часот.

Прилози кон записникот:

-лабораториски извештај бр.442/26

Општински самостоен инспектор за животна средина

Лилјана Арсовска службб. легитимација број 29-0005